Су.бр.199/2010-5

Врз основа на чл.88 од Законот за судовите чл.100 од Законот за јавни набавки Претседателот на Апелациониот суд во Штип Стојанче Рибарев, на ден 01.06.20010 год. го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За најповолен понудувач, носител на набавката за **РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА КОМПЈУТЕРСКА И МРЕЖНА ОПРЕМА**, по спроведената постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди, **СЕ ИЗБИРА „НОВА КОМПЈУТЕРИ“ ДОО Штип.**

О б р а з л о ж е н и е

Со решение Су.бр.199/2010 од 17.02.2010 год., е утврдена потребата за набавка на резервни делови за компјутерска и мрежна опрема и истата да се изврши со барање за прибирање на понуди согласно чл.100 ст.1 алинеја 1 од Законот за јавни набавки.

Како критерум за избор за најповолен понудувач е определно да биде цената 80 бодови, рок на испорака 10 бодови и рок на плаќање 10 бодови.

Покана за доставување на понуди беше доставена до 3(тројца) економски оператори кои доставија понуди.

По спроведената постапка, комисијата за јавни набавки достави до Претседателот на судот записник и извештај за евулација на понудите со предлог како најповолен понудувач да се избере понудувачот НОВА КОМПЈУТЕРИ ДОО од Штип.

Претседателот на Апелациониот суд во Штип од записникот и извештајот за евалуација на понудите поднесен од Комисијата за јавни набавки утврди дека понудувачот НОВА КОМПЈУТЕРИ од Штип има понудено најповолна понуда согласно критериумите дадени во барањето, односно понудувачот НОВА КОМПЈУТЕРИ од Штип има добиени вкупно 100 бодови, ФОКУС КОМПЈУТЕРИ од Штип 90,73 бодови, а МИКРО од Штип 85,54 бодови.

Ваквиот број на бодови е добиен поради следното: Нова Компјутери од Штип има понудено вкупен износ на вредноста на набавката 87.470,00 ден. без ДДВ, Фокус Компјутери од Штип има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 94.900,00 денари со ДДВ, а понудувачот Микро од Штип има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 99.200,00 ден. со ДДВ.

Поради тоа по критериум цена Нова Компјутери има добиено 80 бодови, Фокус Компјутери 73,73 бодови, а Микро има добиено 70,54 бодови.

Во однос на критериумот Рок на испорака понудувачот Нова Компјутери понудил 10 дена и има добиено 10 бодови, Фокус Компјутери

понудил 15 дена и има добиено 7 бодови, а понудувачот Микро понудил 30 дена , за што добил 5 бодови.

За критериумот рок на плаќање сите понудувачи понудиле 30 дена па по овој критериум сите понудувачи добиле по 10 бодови.

Поради овие причини Претседателот на Апелациониот суд во Штип одлучи како најповолен понудувач, носител на набавката на резервни делови за компјутерска и мрежна опрема да го избере понудувачот НОВА КОМПЈУТЕРИ ДОО од Штип.

Од погоре изнесените причини, а врз основа на чл.100 ст.1 алинеја 1 и чл.142 ст.5 и 6 од Законот за јавни набавки се одлучи како во изреката на ова решение.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП – 01.06.2010 година.

Претседател на судот
Стојанче Рибарев с.р.

ПОУКА: Против ова решение незадоволниот економски оператор има право на жалба во рок од 3 дена по приемот на истото до Државната комисијата за жалби по Јавни набавки.